**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-187/9**

**Скопје, 27.07.2007 година**

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Државниот завод за геодетски работи, (во понатамошниот текст ДЗГР) средства од Буџетот на РМ за 2006 година, кои се прикажани на страните 11, 12 и 13.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија за 2002 година и издаден е извештај за финансиските извештаи на Државниот завод за геодетски работи, а за останатите години, кои `и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е извршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Бисера Јакимовска – директор, до 29.08.2006 година,
   - Љупчо Георгиевски – директор, од 13.09.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 10, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 01.03. до 18.05.2007 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 10.07.2007 година примени се забелешки по Претходниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на Државниот завод за геодетски работи, за средствата од Буџетот на РМ, под бр. 18-7387/2 од 09.07.2007 година, од законскиот застапник – директорот Љупчо Георгиевски. Истите се разгледани, при што е одлучено следното:
    - За забелешките кои се однесуваат на наодите во точките 10.3.2, 10.5.2 ал. 4 и 10.5.2. ал. 5 од Претходниот извештај и точка 1.3. од Извештајот за менаџерите, ревизијата не доби релевантен и достатен ревизорски доказ, како основ за нивно прифаќање, поради што истите се одбиени.
    - На наодите во точките 10.2.3; 10.4.3; и 10.5.1. од Претходниот извештај и точките 1.1; 1.2; 3.1; и 3.2. од Извештајот за менаџерите, не се дадени забелешки односно истите се однесуваат на преземени мерки и активности по дадените препораки од ревизијата за отстранување на утврдените неправилности.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Неправилна примена на акти

11.1.1. ДЗГР нема изготвено годишен извештај за работењето на државниот орган за 2006 година за следење на реализацијата на годишна програма за премер, катастар и запишување на недвижностите за 2006 година донесена од Владата на РМ што е спротивно на Законот за Владата на Република Македонија, поради што не може да се утврди во колкав обем државниот орган ги извршил активностите кои се во нејзина надлежност. Ова е од посебна важност од причина што во ДЗГР се спроведува реформа на катастар и регистрација на недвижности врз основа на финансиски средства обезбедени од Буџетот, од сметката за самофинансирачки активности, заем од Светска банка и со средства од донации од Шведска, Јапонија и Холандија.

**Препораки и мерки**

1. Директорот на ДЗГР да преземе соодветни мерки за навремено донесување и изготвување на годишните извештаи за работењето на државниот орган, имајќи

ја предвид потребата на истите како критериум и обврска за известување во врска со извршените активности на државниот орган за соодветната година.

### 11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

11.2.1. Спротивно на чл 8 од Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници, ДЗГР не води дел од пропишаните деловни книги на соодветен начин, и тоа:

- Книга на влезни фактури.
- Вредноста на залихите на материјали и ситниот инвентар во материјалното книговодство не е усогласена со вредноста искажана во финансиското сметководство (синтетичка и аналитичка евиденција) при што е утврдена разлика кај материјалите за 1.409 илјади денари, а кај ситниот инвентар за 2.320 илјади денари, што произлегува од нееднаков пристап во евидентирањето на вредноста на набавките. Имено, во материјалното сметководство влезот на материјалите и ситниот инвентар е евидентиран по набавна вредност без данок на додадена вредност (ддв), а во финансиското сметководство по набавна вредност со вклучен данок на додадена вредност.
- Не постои заштита на податоците во програмата за материјално сметководство кои се внесуваат при приемот и издавањето на материјали од магацин, при што може да се вршат промени од друго неовластено лице во прометот на залихите во магацинот (влез /излез). Ваквата состојба е потврдено со тест на функционирање на програмот преку евидентираните изворни документи (приемници и требовања).
- Магацинската евиденција на ситниот инвентар не е усогласена со финансовото сметководство на залихите во магацинот поради несоодветно евидентирање на настанатите промени. Новонабавениот ситен инвентар веднаш се евидентира како во употреба иако истиот не е целосно раздолжен со реверси, поради што е утврден ситен инвентар на залиха во магацин во износ од 9.713 илјади денари. Ваквото работење не обезбедува увид во стварните залихи на ситниот инвентар, овозможува складирање на залиха со голема вредност, нерационално трошење на средства и ненавремено расходување на застарените залихи.
- Сметководствените документи (влезни фактури) не се книжат навремено и по хронолошки редослед во моментот на примање на фактурата, преку евидентирање на активни временски разграничувања, туку истите се книжат директно на трошок, во моментот на плаќање, спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

Неводењето, односно несоодветното водење на деловните книги придонесува за нереално и необјективно прикажување на прометот и состојбата на соодветните сметки во деловните книги и финансиските извештаи.

11.2.2. Утврдена е неусогласеност помеѓу вредноста искажана во книгата на капиталниот имот на ДЗГР (основни средства) и збирот на книговодствените евиденции (синтетика и аналитика) односно главната книга, бруто билансот и Билансот на состојба на ден 31.12.2006 година од сите сметки со кои располага ДЗГР, спротивно на Законот за буџетите и буџетските корисници. Разликите се утврдени кај набавната вредност за износ од 1.534 илјади денари, отпишаната вредност за износ од 1.078 илјади денари и сегашната вредност за износ од 456 илјади денари.



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

Причината за ваквата состојба е неправилно внесени податоци за вредноста на средствата во деловните книги. Имајќи ја предвид ваквата состојба ревизијата не беше во можност да се увери во реалноста и објективноста на искажаните билансни позиции на ден 31.12.2006 година.

11.2.3. Не е извршен попис на средствата (нематеријални средства, земјишта, градежни објекти, опрема, побарувања и обврски, материјали на залиха и ситниот инвентар) и изворите на средства со состојба на 31.12.2006 година на начин пропишан со законските прописи, поради следното:

- Извршен е физички попис по место на наоѓање на опремата при што пописните листи се неуредни, непотполни, и не се потпишани од членовите на комисијата или од ракувачот со опремата. Пописната комисија во својот извештај дала забелешки дека задолженијата (реверсите) и предметите немаат идентични броеви, дел од опремата се наоѓа и надвор од просториите на ДЗГР и постои опрема која еднаш е расходувана, а истата не е отуѓена. Не постојат посебни пописни листи за утврден расход на средства.
- За пописот на основните средства изготвен е извештај од пописната комисија, со утврдени вишоци, кусоци и расход по видови на средства без утврдени вредности на истите, со предлог за книжење на квантитативните разлики, дадени се забелешки и објаснување за настанатите разлики за што донесена е одлука од директорот за прифаќање на пописниот елаборат, но без конкретни заклучоци за книжење на истите и усогласување на сметководствената со фактичката состојба. Согласно одлуката донесено е решение за формирање на нова комисија за спроведување на вонреден попис на основните средства за 2006 година од 12.03.2007 година. На ваков начин наместо да се утврдат вистинските причини кои довеле до настанатите разлики и задолжување на лицата кои се одговорни за тоа (кусоци поради злоупотреба со ракување на средствата или сметководствени грешки поради несовесно и неажурно водење на евиденцијата во финансовото одделение) пописот се одложува и се овозможува понатамошно несовесно и неодговорно работење од лицата кои ракуваат со средствата.
- Со пописот не се опфатени земјиштата и градежните објекти и не е утврдена нивната состојба, евентуалните оштетувања, дали се вршени дополнителни вложувања во нив и сл.
- Пописните листи на материјали и ситен инвентар не се потпишани од лицата материјално задолжени во магацинот ниту од пописната комисија, туку истите се изготвени од секторот за финансово и материјално работење, поточно од лицето кое го води материјалното книговодство, и ги содржат само состојбите на залихите на материјали и ситен инвентар во употреба во материјалното книговодство на ден 28.01.2007 година, што е доказ за неизвршен реален попис на 31.12.2006 година. Пописот на ситниот инвентар во употреба во ДЗГР објект Автокоманда пописната комисија го вршела врз основа на издадените реверси од магацинот, без проверка на лице место кај лицата што се задолжени, (во 2006 година има одлив на вработени кои при напуштањето на ДЗГР не се раздолжиле со ситниот инвентар и основните средства), а за вратениот ситен инвентар кој се наоѓа во магацинот не се изготвени посебни пописни листи, нема потпис од магационерите, и истите не се евидентирани на залиха. Во Секторот за премер и катастар во Скопје и во подрачните одделенија, со овластување од директорот, вршен е попис од страна на самите подрачни одделенија односно од лицата кои се задолжени за

инвентарот, наместо од пописната комисија, поради што не е обезбедено реално и објективно извршување на пописот.

- Пописот на побарувањата и обврските не е вршен на соодветен начин за да се утврди фактичката состојба, како и правниот основ за постоење на истите, туку состојбите се превземени од сметководствената евиденција, без утврдување на старосната структура на салдата и предлог за нивно расчистување.

Неизвршениот попис придонесува за нереално и необјективно прикажување на билансните позиции во финансиските извештаи и создавање можност за злоупотреба со стварите во државна сопственост.

11.2.4. Не постои усогласеност помеѓу вредноста на постојаните средства во износ од 128.495 илјади денари и вредноста на државниот јавен капитал во износ од 130.409 илјади денари, за 1.914 илјади денари, за кој што износ се разликува и вредноста на залихите на материјали во однос на вредноста на останатиот капитал, поради неправилно спроведени книжења во деловните книги, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално и необјективно прикажување на билансните позиции во финансиските извештаи.

**Препораки и мерки**

1. Одговорните лица во ДЗГР да воведат книга на влезни фактури, да извршат усогласување на материјалното со финансовото сметководство на залихите на материјалите и ситниот инвентар во употреба, како и да се спроведат книжења во финансовото сметководство за вредноста на ситниот инвентар на залиха и ажурно да ги евидентираат настанатите обврски преку сметката-активни временски разграничувања.
2. Раководителот на финансовото одделение да ги испита причините за неусогласеноста на вредноста на постојаните средства искажана во книгата на капиталниот имот со вредноста на истата во деловните книги и финансиските извештаи.
3. Директорот на ДЗГР да преземе мерки за целосно и квалитетно извршување на пописот на средствата и изворите на средства согласно законските прописи, во деловните книги да се евидентираат неевидентираните средства со кои располага ДЗГР, а за вредноста на туѓите основни средства да се изврши намалување на вредноста на материјалните средства и истите да се водат во посебна помошна евиденција. Посебно да се обрне внимание на пописот на опремата која е добиена како донација или се набавува од кредитот, а приемот на истата да се врши преку магацин и задолжување со реверси.
4. Одговорниот сметководител да ги испита причините и да изврши усогласување на вредноста на постојаните средства со вредноста на државниот јавен капитал, како и вредноста на залихите на материјали со вредноста на останатиот капитал.

11.3. **Неправилности во искажувањето на приходите и расходите**

11.3.1. Според целите на реформата, ДЗГР има склучено договори со 14 трговски друштва (ТД) за геодетски работи за извршување на оперативни теренски работи за реамбулација (повторен премер на 53 катастарски општини). За реализација на предвидените обврски, ДЗГР им исплатил аванси во висина од 50% од вредноста на договорените услуги, односно 11.399 илјади денари. И покрај примените аванси, ТД за геодетски работи го пробиле крајниот рок за доставување на геодетските елаборати на



ул: “Маршал Тито” - 12/3
Палата Македонија - Скопје
тел:3211-262, факс:3126-311

одобрување во ДЗГР. До моментот на завршување на ревизијата, до Секторот за катастарски информационен систем се доставени само геодетските елаборати за 13 К.О. од вкупно 53. Како причина за доцнењето, договорните страни го наведуваат непрецизното и арбитрарно определување на претпоставените големини (индикатори за вршење на реамбулација), што довело до големи отстапувања на фактичкиот од предвидениот обем на оперативни теренски работи. Како резултат на недоволниот степен на извршување на договорите, оневозможена е работата на комисиите за излагање на јавен увид на податоците, кои ги користат изготвените пописни листови (обрасци) за премерени недвижности од страна на ТД за геодетски работи. Од тие причини, комисиите за излагање на јавен увид на податоците не биле во можност да ја исполнат нормата (предвидена со договорите и Годишната програма), што ја доведува во прашање оправданоста од ангажирање на дополнителен број на комисии, за што се направени расходи во износ од 9.364 илјади денари.

11.3.2. Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на искажаните расходи во ДЗГР поради непостоење на соодветна поткрепувачка документација, за следните видови на расходи:

- реновирање на Сектор за премер и катастар на град Скопје односно извршени градежни работи (рушење, зидање, демонтажа, фарбање, миење на прозорци, електрика), по фактура на износ од 1.054 илјади денари, платена од буџетски средства во износ од 179 илјади денари и од средства од заемот во износ од 875 илјади денари, за што не постои записник од комисија за примопредавање, како што е предвидено во договорот. Потпишан е амандман за дополнителни работи и исплатени се средства, а во договорот нема утврдено колкав процент може да изнесуваат дополнителните работи. Во планот за набавки за Проектот, за реновирањето на секторот во Скопје - реконструкција на пултот на регион канцеларија, планирано е 13.500 еур, а потрошено е 14.312 еур односно повеќе за 3.107 еур.
- реновирање на зградата на ДЗГР во Автокоманда односно извршени градежни работи по времени ситуации заклучно со 31.12.2006 година на вкупен износ од 17.755 илјади денари, за што е склучен договор на износ од 23.732 илјади денари, со почеток 18 септември 2006 и завршеток 27 декември 2006 година. Рокот за завршување на работите превиден во договорот е поминат (27.12.2006 година) и зголемени се количините без да се одобри претходно од Светска банка и без да се потпише анекс договор. Третата времена ситуација за извршени работи во јануари и февруари 2007 година на износ од 3.940 илјади денари, која е дадена на увид на ревизијата, потпишана е од проект менаџерот и од надзорот, без печат и потпис од директорот на ДЗГР, а со извршената споредба на цените и количините на извршените работи во однос на договорените се констатира дека постојат разлики во количините кај поголем дел од извршените работи, при што одделни работи предвидени во договорот не се извршени. Реновирањето на зградата е влезена во планот за набавки за Проектот, со планирана вредност од 150.000 еур, а склучен е договор на износ од 323.440 еур односно повеќе за 173.440 еур. Поради некомплетност на одобрувањето при плаќањето на услугите, ревизијата изразува сомневање во веродостојноста на направените трошоци.

**Препораки и мерки**

1. ДЗГР да изврши квалитативна контрола и преоценка на реализирањето на договорите со ТД за геодетски работи со цел да се обезбеди реална слика за потребните трошоци за реализација на проектот, навремено ажурирање на договорите (склучување на анекси) и оценка на потенцијалните заштеди во катастарските општини, кои не се хипер-урбанизирани.

2. Да се изврши целосна контрола на целокупната документација и увид на лице место на извршените работи кои се однесуваат на реновирање во Секторот за премер и катастар во Скопје и на зградата во Автокоманда во однос на планираните и договорените работи, а во случај на утврдени неправилности да се преземат соодветни мерки против одговорните лица.

11.4. **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

11.4.1. ДЗГР како државен орган нема воведено книга на внатрешна евиденција на недвижни ствари спротивно на чл 86 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и Одлуката за начинот, формата и содржината на внатрешна евиденција на недвижните ствари во државна сопственост што ги користат државните органи. Согласно чл 83 од наведениот Закон, ДЗГР има обврска да установи и води Евидентна книга за недвижните ствари што ги користат државните органи, на начин пропишан во Одлуката за начинот, формата и содржината на евидентната книга, која сеуште не е воведена, иако рокот е одамна поминат. Резултатот од неевидентирањето и неводењето на внатрешната евиденција на недвижните ствари може да има за последица необјективно и нереално проценување на билансните позиции, како и немање сознание за вкупната вредност на имотот со кој располага РМ.

11.4.2. За дел од земјиштето и објектите со кои располага ДЗГР и кои се водат во сметководствената евиденција и книгата на основни средства, нема доказ – поседовни/имотни листи или друг документ за сопственост, а во одделни случаи не се слагаат податоците во имотните листи (искажаните површини на објектот или земјиштето) со внесените податоци во книгата на основни средства. Вредноста на земјиштето искажана во книгата на основни средства не е усогласена со вредноста евидентирана во сметководствената евиденција за износот на извршената ревалоризација на земјиштето во Тетово од 2.025 илјади денари, а за 2006 година не е извршена ревалоризација на земјиштето во Автокоманда (општина Гази Баба), од причина што од Министерството за финансии не е побарана цена по метар квадратен според местото на наоѓање. Земјиштето и објектот во кој е сместен Секторот за премер и катастар на град Скопје не е евидентиран во деловните книги и книгата на основни средства, а на ова место во процедура е постапката за изградба на нов објект. Ваквата состојба има за ефект нереално и необјективно прикажување на билансните позиции во финансиските извештаи и понатамошни проблеми при новите инвестициони зафати.

11.4.3. Во сметководствената евиденција на опремата евидентирани се средства со набавна вредност од 15.646 илјади денари, од добавувачот Манор ДООЕЛ Скопје кои се однесуваат на проектот Е – катастар распределени по подрачните одделенија низ РМ. Од причина што компјутерската опрема за Е – катастарот станува сопственост по исплатата на сите рати по договорот за лиценцирање, заклучно со 2012 година,

спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, неосновано е зголемена набавната вредност на материјалните средства во износ од 15.646 илјади денари, исправката на вредност во износ од 4.153 илјади денари и државниот јавен капитал за 11.493 илјади денари. Неправилното евидентирање на набавената опрема има за ефект нереално и необјективно прикажување на позицијата материјални средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2006 година.

**Препораки и мерки:**

1. ДЗГР да воведе евиденција на недвижните ствари во државна сопственост (книга за внатрешна евиденција) што ги користи државниот орган.
2. Одговорните лица во ДЗГР да обезбедат доказ за сопственост (имотен и поседовен лист или друг документ) за сите градежни објекти и земјиште кои ги користат.
3. Директорот на ДЗГР да формира пописна комисија која ќе изврши попис на целокупната опрема за проектот Е – катастар и истата ќе ја евидентира на посебни пописни листи и посебна помошна евиденција до нејзиното добивање во сопственост.

11.5. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.5.1. Направени се расходи без претходно обезбедени средства со буџетот/финансискиот план и спротивно на законските прописи:

- Со извршената споредба на планираните и одобрени средства од Буџетот на РМ во однос на потрошените средства по ставки и потставки, ревизијата утврди случаи на ненаменско користење на средства во вкупен износ од 438 илјади денари, кај следните ставки:
  - патни и дневни расходи во износ од 236 илјади денари,
  - ситен инвентар, алат и други материјали во износ од 92 илјади денари,
  - поправки и тековно одржување во износ 49 илјади денари,
  - договорни услуги во износ од 61 илјади денари.

11.5.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки

Во врска со примената на Законот за јавни набавки ревизијата утврди:

- Спротивно на чл 21 од Законот за јавни набавки, членовите на комисијата за јавни набавки, по отварањето на понудите, не потпишуваат изјави за непостоење на конфликт на интереси.
- Избраните понудувачи во постапките за јавни набавки со отворен повик не доставуваат банкарска гаранција во висина од 3% од вредноста на понудата, ниту пак е предвидена одредба за задолжително доставување на банкарска гаранција во самиот договор, иако во објавата на тендерот е даден тој услов.
- Извршен е избор на најповолен добавувач за јавна набавка во вредност од 289 илјади денари без да бидат обезбедени најмалку две прифатливи понуди, спротивно на чл 47 и 50 од Законот, според кој во ваков случај постапката требало да се повтори.
- Спроведена е постапка за јавна набавка со преговарање за надградба на софтвер за плата во износ од 183 илјади денари за што целокупната документација (барање, одлука, решение, договор) е донесена после извршената работа.

- Не е спроведена постапка за набавка од мала вредност за набавени мобилни телефони во вкупен износ од 147 илјади денари.

Непочитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки има за последица примена на необјективни критериуми за избор на најповолен добавувач, нетранспарентност при склучувањето на договорите и повластена положба на одредени добавувачи.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во ДЗГР да преземат соодветни мерки за примена на Законот за буџетите во однос на наменското и законско користење на средствата согласно одобрениот буџет за тековната година.
2. Одговорните лица во ДЗГР да преземат соодветни мерки за доследно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки и интерните акти на ДЗГР со што ќе се обезбеди фер конкуренција, еднаква положба на понудувачите, транспарентност и јавност.

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 11.1; 11.2; 11.3. и 11.4. ние не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на ДЗГР - средства од Буџетот на РМ, под 31.12.2006 година и на резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 11.2.3, 11.3. и 11.5. кај ДЗГР - средства од Буџетот на РМ, ние не се уверивме во законското и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

14. Обрнуваме внимание на следеното:

    - Јавните набавки во рамките на проектот: Катастар на недвижности и регистрација, кој е финансиски подржан со кредит од Светска банка, постапките се спроведуваат според правилата на заемодавателот, согласно договорот. Набавките за потребите на проектот кои се со помала вредност од 75.000 евра, според процедурите на банката, се спроведуваат преку избор на најповолната од три прибрани понуди. Прагот над кој се распишува јавен повик (тендер) во ваквите случаи е многу повисок од критериумите, кои се утврдени во Законот за јавни набавки (набавки над 3000 евра). Со оглед дека проектниот заем се сервисира делумно и со буџетски средства, повисокиот праг (75.000 евра) остава можност за злоупотреби, бидејќи набавките може значително да отстапуваат од законски утврдените лимити. Поради големата дискрепанца меѓу утврдените лимити во Законот за јавни набавки и оние кои ги предвидува меѓународната финансиска организација, пред склучувањето на проектниот заем, потребно е да се разгледаат можностите за усогласување на постапките за јавни набавки од мала вредност со националното законодавство.

15. Ревизијата има обврска да истакне дека од страна на ДЗГР по претходниот ревизорски извештај за 2002 година делумно се спроведени предлозите и мерките од ревизијата за отстранување на неправилностите.

16. Прифатени и корегирани неправилности од страна на ДЗГР во текот на ревизијата:
    - По завршување на ревизијата ДЗГР изврши корекции на одделни состојби на сметките во главната книга во 2007 година по препорака на ревизијата кои


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

немаат влијание на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2006 година. Исправката е спроведена во налог за книжење бр. 10/002 од 12.06.2007 година.

**Скопје, 27.07.2007 година** **Овластен државен ревизор**

## ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ
### Средства од Буџетот на РМ
## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 251.956 | 258.258 |
| **Вкупно приходи** | **251.956** | **258.258** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 227.189 | 216.914 |
| Резерви и недефинирани расходи | 95 | 158 |
| Стоки и услуги | 16.619 | 35.161 |
| Каматни плаќања | 2.119 | 0 |
| Субвенции и трансфери | 109 | 125 |
| **Вкупно тековни расходи** | **246.131** | **252.358** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 5.825 | 5.900 |
| **Вкупно капитални расходи** | **5.825** | **5.900** |
| **Вкупно расходи** | **251.956** | **258.258** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **0** | **0** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 0 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 15.708 | 17.397 |
| Залихи | 5.355 | 4.490 |
| **Вкупно тековни средства** | **21.063** | **21.887** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 11.234 | 14.923 |
| Материјални добра и природни богатства | 5.618 | 3.593 |
| Материјални средства | 113.557 | 136.727 |
| **Вкупно постојани средства** | **130.409** | **155.243** |
| **Вкупна актива** | **151.472** | **177.130** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 0 | 333 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 15.703 | 17.059 |
| Пасивни временски разграничувања | 5 | 5 |
| **Вкупно тековни обврски** | **15.708** | **17.397** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 135.764 | 159.733 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **135.764** | **159.733** |
| **Вкупна пасива** | **151.472** | **177.130** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **153.330** | **6.403** | **159.733** |
| **Зголемување по основ на:** | **2.149** | **18.323** | **20.472** |
| Набавки | 973 | 18.323 | **19.296** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | - | **-** |
| Расходување | (14) | - | |
| Исправки од субјектот | (835) | - | |
| Ревалоризација на капитални средства | 2.025 | - | **2.025** |
| **Намалување по основ на:** | **26.984** | **17.457** | **44.441** |
| Отпис на капитални средства | - | - | **-** |
| Исправки од субјектот | 536 | - | |
| Издавање на материјали и ставање на ситен инвентар во употреба | - | 17.457 | |
| Расходување | - | - | |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | - | **-** |
| Амортизација | 26.448 | - | **26.448** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **128.495** | **7.269** | **135.764** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

***Бр. 1105-187/17***
***Скопје, 10.09.2007 година***

Врз основа на член 23 став 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија ("Сл. весник на РМ" бр. 65/97…70/06) и добиен Приговор по Конечен Извештај за извршена ревизија на Државниот завод за геодетски работи за 2006 година, бр. 18-7387/4 од 27.08.2007 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

# ***Р Е Ш Е Н И Е***

***по поднесен приговор на Конечен извештај***

**1.** Приговорот на наодите во точка 11.2.3, 11.3.2, 11.4.3, 11.5.1 и 11.5.2. ал 4 и 5 од Конечниот Извештај за извршената ревизија на Државниот завод за геодетски работи за 2006 година – средства од Буџетот на РМ, **не се прифаќа**.

**2.** Решението по доставениот приговор на конечниот извештај претставува прилог на конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на Државниот завод за геодетски работи за 2006 година поднесен е приговор бр. 18-7387/4 од 27.08.2007 година.

Образложението за неприфаќање на одделни точки од приговорот е следното:

1. На наодот во точка 11.2.3. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неизвршен попис на средствата (нематеријални средства, земјишта, градежни објекти, опрема, побарувања и обврски, материјали на залиха и ситниот инвентар) и изворите на средства со состојба на 31.12.2006 година на начин пропишан со законските прописи, **не е даден приговор**, туку известување за спроведување на препораката дадена од ревизијата со тоа што извршен е вонреден попис само на основните средства кој ќе биде предмет на разгледување во наредниот период.

2. Приговорот на наодот во точка 11.3.2. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неуверување во реалноста и објективноста на искажаните расходи за реновирање на Секторот за премер и катастар на град Скопје во износ од 1.054 илјади денари, за што не постои записник за примопредавање, и расходите за реновирање на зградата на ДЗГР во Автокоманда поради некомплетност на одобрувањето при плаќањето на услугите односно извршени градежни работи, во вкупен износ од 17.755 илјади денари и неусогласеност на планираните средства со износот во склучениот договор за 173.440 еур, **не се прифаќа**, од причина што во приговорот не се приложени нови докази како валидна документација која ќе го промени мислењето на ревизорот.

3. На наодот во точка 11.4.3. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неправилно евидентирани средства во сметководствената евиденција на ДЗГР од проектот Е – катастар, со набавна вредност од 15.646 илјади денари, над кои сеуште не е стекнато право на сопственост,**не е даден приговор**, односно дадено е појаснување дека формирана е работна група која задолжила стручни лица за да извршат попис и доставен е извештај за ситуацијата на опремата и физибилити студијата со спецификацијата и договорот од 11.05.2007 година, по кој понатаму треба да се преземат дополнителни активности во поглед на целосно спроведување на препораката од ревизијата.

4. На наодот во точка 11.5.1. од Конечниот извештај, а кој се однесува на ненаменско користење на средства во вкупен износ од 437 илјади денари за направени расходи без претходно обезбедени средства со буџетот/финансискиот план и спротивно на законските прописи, **не е даден приговор**, туку дадено е појаснување дека донесена е пишана процедура во 2007 година по завршувањето на ревизијата, а во случај на непочитување на истата во наредниот период ќе се преземаат мерки против одговорните лица.

5. Приговорот на наодот во точка 11.5.2. ал. 4 од Конечниот извештај, а која се однесува на исплатени средства за надградба на софтвер за плата во износ од 183 илјади денари, по пат на преговарање, без претходно обезбедена документација (барање, одлука, решение, договор), **не се прифаќа,** поради неприложени нови докази кои ќе го променат наодот на ревизорот. Доставена е несоодветна документација за надградба на софтвер за плата за воведување на системот на платежни картички наместо за имплементација на реформираниот пензиски систем.

6. Приговорот на наодот во точка 11.5.2 ал. 5 од Конечниот извештај, а се однесува на неспроведена постапка за набавка од мала вредност за набавени мобилни телефони во вкупен износ од 147 илјади денари, **не се прифаќа,** од причини што забелешките се повикуваат на донесени акти (одлука/2006 и договор/2002 година) во врска со набавката, но истите не се доволни и соодветни, ниту се приложени како материјален доказ кој ќе го оспори наодот во Конечниот извештај.

На крајот на приговорот е кажано дека директорот на Државниот завод за геодетски работи ќе превземе мерки за изготвување на акциониот план за имплементирање на препораките од конечниот извештај кој ќе биде доставен до Државниот завод за ревизија откако ќе го примат конечниот ревизорски извештај.
Известувањето за постапување по препораките на ревизијата е посебна постапка предвидена со Законот за државна ревизија, која не се вклучува во постапката на одлучување по приговор од страна на Главниот државен ревизор. Истата е предмет на анализа и обработка за други цели.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Скопје, 10.09.2007 година** **Главен државен ревизор,**
**Д-р Драгољуб Арсовски**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------